**Триглав Осигурување АД**
бул. 8-ми Септември бр. 16
1000 Скопје

triglav

Врз основа на член 41 од Статутот на Триглав Осигурување АД, Скопје и донесената Одлука на 200-та седница на Одборот на директори на Триглав Осигурување АД, Скопје, одржана на 13.06.2023 година, за свикување на 61-та седница на Собранието на акционери, Одборот на директори на

**ТРИГЛАВ ОСИГУРУВАЊЕ АД, СКОПЈЕ**

**Објавува**

## П О В И К
## до акционерите за учество на Собрание на акционери на Друштвото

Собранието на акционери на Триглав Осигурување АД, Скопје ќе се одржи на ден 14.07.2023 година (петок) со почеток во 08:30 часот во седиштето на Триглав Осигурување АД, Скопје, бул. „8-ми Септември" бр. 16 со следниот

### Д Н Е В Е Н  Р Е Д

**I. Процедурален дел:**

1. Избор на претседавач на Собранието и
2. Избор на бројач на гласови.

**II. Работен дел:**

1. Донесување на Одлука за избор на член на Одборот на директори.

Се повикуваат акционерите да го пријават своето учество на Собранието. Секој акционер кој има намера да учествува на седницата на Собранието на Друштвото, е должен да го пријави своето учество на Собранието (пријава за учество) најдоцна пред почетокот на Седницата на закажаното Собрание. Пријавите да се доставаат на адреса бул. „8-ми Септември" бр. 16, 1000 Скопје, до Службата за правни и корпоративни работи. Секој акционер може да овласти свој полномошник на Собранието на еден од следниве начини:

- со потпишување на писмено полномошно заверено на нотар;
- со давање на полномошно во писмена форма, без обврска да се завери полномошното на нотар, при што акционерот е должен писмено да го извести Друштвото за даденото полномошно и да достави доказ за неговиот личен идентитет. Обрасците за давање на полномошно во писмена форма се достапни за преземање на интернет страницата на Друштвото;
- со овластување на полномошниците по електронски пат на следната електронска адреса: osig@triglav.mk.

Секој акционер има право да предложи точки на дневен ред и да предложи усвојување одлуки по секоја од точките кои се вклучени во дневниот ред, најдоцна во рок од осум дена од денот на објавување на повикот. Постапката за предлагање на нови точки на дневен ред, предлагање на одлуки по секоја од точките кои се вклучени во дневниот ред и начинот на поставување на прашања за точките од дневниот ред се објавени на интернет страницата на Друштвото.

Акционерите можат да гласаат со коресподенција со испраќање пополнет образец кој во оригинал мора да биде примен во Друштвото најдоцна на 13.07.2023 година, до 16:00 часот. Заедно со образецот за гласање акционерот е должен да достави и документација за утврдување на идентитетот на акционерот. Образецот за гласање со коресподенција и дополнителни информации за начинот на пополнување и идентификацијата на акционерите се достапни на интернет страницата на Друштвото: www.triglav.mk.

Материјалите за седницата на Собранието на акционери на Друштвото се достапни на акционерите од денот на објавување на повикот, секој работен ден од 09-14 часот на приемната рецепција на прв кат во деловната зграда ХИПЕРИУМ, на бул. „8-ми Септември" бр. 16, 1000 Скопје и на интернет страницата на Друштвото: www.triglav.mk.

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 383 став 1 точка 3 од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр. 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 290/20, 215/21 и 99/22) и член 39 став 1 точка 3 од Статутот на Триглав Осигурување АД, Скопје, Собранието на акционери на својата 61 седница, одржана на ден 14.07.2023 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за избор на член на Одборот на директори**
**на Триглав Осигурување АД, Скопје**

**Член 1**

За член на Одборот на директори на Триглав Осигурување АД, Скопје се реизбира г-дин Ѓорѓе Војновиќ, МБА, со адреса на живеење на ул. Октомвриска револуција бр.10-1/46, Скопје, со занимање менаџер по бизнис администрација.

**Член 2**

Мандатот на реизбраниот член на Одборот на директори изнесува 4 години, почнувајќи од 29.09.2023 година.

**Член 3**

Останатите членови на Одборот на директори ја продолжуваат својата работа во Одборот на директори со постоечкиот мандат.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесување.

**ПРЕДСЕДАВАЧ**
**СО СОБРАНИЕТО**

______________________

**C U R R I C U L U M   V I T A E**

## ЛИЧНИ ИНФОРМАЦИИ


Име и презиме: **ЃОРЃЕ ВОЈНОВИЌ**

Е-маил: gjorgje.vojnovic@triglav.mk


## РАБОТНО ИСКУСТВО

**Датум (од – до):** **Септември 2015 – во тек**

**Назив на компанијата:** **Триглав Осигурување АД, Скопје**,

**Тип на бизнис или сектор:** Неживотно осигурување

**Позиција:** Главен извршен директор/Извршен член на Одборот на директори

**Главни активности и одговорности и достигнувања:**

- менаџирање и организација на целокупното работење на Друштвото;
- застапување и потпишување во име на компанијата пред трети лица;
- предлагање на деловната политика и организација на Друштвото;
- менаџирање и надзор над следните подрачја на работа на Друштвото: продажба, развој на производи и преземање на ризик, штети и регреси, маркетинг и ПР, кадровски и општи работи и спречување, откривање и истрага на измами, усогласеност на работењето;
- истапува во јавноста во име на Друштвото и дава изјави за јавноста или назначува лице да го претставува Друштвото во негово име во јавноста;
- назначува и разрешува лица со посебни овластувања во Друштвото;
- менаџирање на седниците на Одборот на директори и учествува во сите тела на Друштвото, и по потреба подготвува извештаи;
- вршење на други работи во согласност со Статутот и актите на Друштвото.

**Датум (од – до):** **Јули 2014 – Август 2015**

**Назив на компанијата:** **Винер Лајф ВИГ Скопје**, Член на Виена Иншуренс Груп

**Тип на бизнис или сектор:** Животно осигурување

**Позиција:** Претседател на Управен одбор

**Главни активности и одговорности и достигнувања:**

- менаџирање и организација на целокупното работење на Друштвото;
- застапување и потпишување во име на Друштвото пред трети лица;
- креирање на деловната политика и организација на Друштвото;
- менаџирање на продажба, продажни канали, маркетинг, спонзорства и развој на производи;
- одговорност за правни прашања и управување на ризик со средства;
- истапува во јавноста во име на Друштвото и дава изјави за јавноста или назначува лице да го претставува Друштвото во негово име во јавноста;
- вршење на други работи во согласност со Статутот и актите на Друштвото.

**Датум (од – до):** **Јуни 2012 до Јули 2014**

**Назив на компанијата:** **Триглав Осигурување АД, Скопје,**

**Тип на бизнис или сектор:** Неживотно осигурување

**Позиција:** Главен извршен директор/Извршен член на Одборот на директори

**Главни активности и одговорности и достигнувања:**

- менаџирање и организација на целокупното работење на Друштвото;
- застапување и потпишување во име на Друштвото пред трети лица;
- предлагање на деловната политика и организација на Друштвото;
- менаџирање и надзор над следните подрачја на работа на Друштвото: продажба и маркетинг, правни и административни прашања, финансии, кадровски и општи работи, корпоративно управување, откривање и истрага на измами, ИТ и техничка поддршка;
- истапува во јавноста во име на Друштвото и дава изјави за јавноста или назначува лице да го претставува Друштвото во негово име во јавноста;

- учествува во сите тела на Друштвото, и по потреба подготвува извештаи;
- менаџирање на седниците на Одборот на директори и
- вршење на други работи во согласност со Статутот и актите на Друштвото.

**Датум (од – до):** **Мај 2007 до Јуни 2012**
**Назив на компанијата:** **Хипо Алпе-Адриа Лизинг ДООЕЛ Скопје**
**Тип на бизнис или сектор:** Финансиски и оперативен лизинг на возила,опрема и недвижности
**Позиција:** Член на Управен одбор
**Главни активности и одговорности и достигнувања:**

- одговорен за Проектен менаџмент и изградба на бизнис центарот Хипериум (проектот е завршен во рамките на предвидениот буџет и навремено);
- одговорен за изнајмување и маркетинг активности на бизнис центарот Хипериум (95% изнајмен деловен простор во првата година)
- развој на лизинг продажба и деловна стратегија, развој на производи и маркетинг активности (постигнати 32% удел на пазарот во првата година во 2007 и 50% во 2008);
- одговорен за правни, кадровски и ИТ организациски единици.

**Датум (од – до):** **Јануари 2006 до Мај 2007**
**Назив на компанијата:** **Ми-Да Моторс Скопје**
**Тип на бизнис или сектор:** Автомобилска индустрија, овластен увозник за возила Форд
**Позиција:** Генерален директор
**Главни активности и одговорности и достигнувања:**

- креирање на деловна стратегија, продажба, пост-продажба и маркетинг активности (зголемување на продажбата за 10% во 2006);
- преструктуирање на организацијата на компанијата (преструктуирање на соодносот на приходот од продажба-услуги);
- воведување на центар за грижа на корисници (прв пост-продажен центар за грижа на корисници во автомобилската индустрија во Македонија);
- имплементација на ISO 9001:2000 стандарди;
- имплементација на Информациски систем за управување.

**Датум (од – до):** **Од 2004 до 2006**
**Назив на компанијата:** Кошаркарска Федерација на Македонија
**Тип на бизнис или сектор:** Спортски настани и промоции
**Позиција:** Извршен Директор (Генерален секретар)
**Главни активности и одговорности и достигнувања:**

- организирање на кошаркарската федерација на Македонија и сите натпреварувања како на домашно така и на меѓународно ниво.

**Датум (од – до):** **Од 1999 до 2004**
**Назив на компанијата:** Мегаспорт Скопје
**Тип на бизнис или сектор:** Увозник и дистрибутер на спортска опрема, овластен увозник за Reebok
**Позиција:** Менаџер за продажба
**Главни активности и одговорности и достигнувања:**

- Прогнозирање, снабдување, продажба и дистрибуција на производите на Reebok.

**Датум (од – до):** **Од 1986 до 2004**
**Назив на компанијата:** Домашни и странски кошаркарски тимови
**Тип на бизнис или сектор:** Професионална кошарка
**Позиција:** Професионален национален кошаркар

## Образование и тренинзи

Образовни програми

- Напредна Менаџерска Програма, Kellog, Northwestern University, Илиноис, САД
- MBA програма на Sheffield's University City College во Солун
- System Oriented Management I и II, Malik Management Education, Швајцарија
- Real Estate Project Management, ХИПО Академија
- Business Risk Assessment and Analysis (I,II,III), Korn & Korn, Германија
- Разни маркетинг и продажни тренинзи организирани од Ford Motor Company (Europe)
- Семинар за односи со јавност (2004), Македонски центар за меѓународна соработка
- Семинар за програм и проект менаџмент (2004), Македонски центар за меѓународна соработка
- Семинар за тренери за Специјална олимпијада (2004), Светска Специјална Олимпијада
- Универзитетска диплома за физичко образование и спортски тренинг, Универзитет Св. Кирил и Методиј, Скопје (2000)

Основни изучувани предмети

- Напредни менаџерски техники, Kellogg School of Managament
- MBA Executive (дисертација во Маркетинг)
- Програм и проект менаџмент
- Односи со јавност
- Професор по физичка култура

Стекнат назив/квалификација

- MBA диплома
- Универзитетска диплома за Физичко образование и спорт

## Лични вештини и способности

Мајчин јазик

**Македонски**

Други јазици

**Англиски**
одлично

**Српски**
одлично

**СОЦИЈАЛНИ АКТИВНОСТИ И ЧЛЕНУВАЊА**

- Претседател на здружение на финансиските организации, Стопанска комора на Р. Македонија
- Член на извршниот одбор на Нациналното биро за осигурување
- Член на Одборот на директори на Македонија 2025 (ww.macedonia2025.com)
- Член на Управниот одбор на Македонската кошаркарска федерација
- Член на Управниот одбор на Македонска ракометна федерација
- Претседател на Ротари клуб Скопје Центар
- Член на Институт на директори /минато/
- Член на International Committee and European representative of the National Association of Basketball Coaches (USA)
- Волонтер како национален координатор за кошарка во Македонска Специјална Олимпијада

**ТЕХНИЧКИ ВЕШТИНИ И СПОСОБНОСТИ**

Солидно познавање на работење во Микрософт Офис пакет

**ВОЗАЧКА ДОЗВОЛА**

Да